# Во 2014 година Министерството за финансии и Фондот за здравствено осигурување беа потранспарентни во однос на другите јавни институции во РМ

- **Ниту една од осумнаесетте** **мониторирани институции во 2014 година** **не објавила: предбуџетска изјава; предлог-буџет; поедноставена верзија на буџетот** (граѓански буџет); **предложени измени и дополнувања на буџетот, како и буџетски документи во отворен формат.**
- **Само четири од осумнаесетте мониторирани институции во 2014 година објавиле информации за лицето одговорно за посредување со информации од јавен карактер и листа на информации од јавен карактер.**
- **Институтот за јавно здравје на РМ; Здравствениот дом, Скопје; Центарот за јавно здравје, Кочани; Министерството за образование и наука и Министерството за надворешни работи** во 2014 година **не објавиле ниту еден документ** што се однесува на нивното буџетско и програмско работење.
- **Министерството за здравство на РМ; Центарот за јавно здравје, Скопје и општините Шуто Оризари, Виница и Пехчево** во 2014 година **објавиле само по еден** од **вкупно 16 програмски и буџетски документи.**
- **Владата на РМ и Министерството за култура** во 2014 година бележат **исто ниво на транспарентност** во однос на претходната година, односно **објавиле само два од вкупно 16 програмски и буџетски документи.**
- **Министерството за труд и социјална политика** во 2014 година **објавило четири, а општина Кочани и Министерството за внатрешни работи објавиле три од 16 мониторирани документи.**
- На интернет-страницата на **општина Делчево** во **2014** година граѓаните можеле да најдат **пет клучни документи во кои се прикажани информации за буџетското и програмското работење на општината.** Со ова општината е **потранспарентна** во своето работење **во однос на општините Шуто Оризари, Виница, Пехчево и Кочани.**

## Оценка на напредокот на нивото на проактивна транспарентност на мониторираните јавни институции во однос на 2013 година

Во 2014 година **Министерството за финансии бележи напредок во нивото на проактивна транспарентност,** односно од институција што проактивно не објавува информации во 2013 година, во 2014 година ова Министерство е оценето како институција што објавува дел од информациите. Напредокот се должи на фактот што Министерството за финансии во 2014 година ја објавило завршната сметка на буџетот на РМ за 2013 година, што не беше случај со претходната година. Дополнително, во текот на 2014 година во постапката за мерење на нивото на проактивност на институциите беше вклучен и буџетскиот календар како дополнителен параметар, а Министерството за финансии е единствената институција, од вкупно осумнаесет мониторирани, која на својата интернет-страница објавува буџетски календар.

- **Министерството за здравство бележи пад во нивото на проактивно објавување на информации,** односно во 2014 година единствена достапна информација на интернет-страницата на Министерството е нивниот стратешкит план. Во 2013 година, покрај стратешкиот план, на интернет-страницата беше објавен и усвоениот буџет за таа фискална година.
- **Фондот за здравствено осигурување и понатаму објавува голем дел од значајните информации за своето програмско и буџетско работење, со што влегува во категоријата на делумно проактивно транспарентни јавни институции.** Расположливите информации за програмското и буџетското работење на Фондот во 2013 и 2014 година остануваат непроменети. Оваа институција е еден чекор до најпроактивно транспарентна институција во Република Македонија.
- Иако и **во 2014 година општина Кочани е оценета како институција што проактивно не објавува информации, сепак треба да се забележи дека оваа институција во 2014 година на граѓаните им овозможила пристап до повеќе информации** за своето програмско и буџетско работење, во однос на 2013 година. Односно, покрај усвоениот буџет, во оваа година на својата интернет-страница ги објавила и усвоените измени и дополнувања на буџетот и завршната сметка на буџетот.
- **Институтот за јавно здравје на Република Македонија и Здравствениот дом, Скопје и понатаму не објавуваат ниту една информација за своето програмско и буџетско работење.**

## ЛЕГЕНДА:




* Детално објаснување на оценката за нивото на проактивност можете да најдете во делот "Оценка за степенот на проактивност на јавните институции во РМ"

## Сумарна оценка на степенот на проактивна транспарентност по институции

| Назив на институција | Интернет-страница | Оценка |
|---|---|---|
| Влада на РМ | www.vlada.mk | ★ (red) |
| Министерство за труд и социјална политика | www.mtsp.gov.mk | ★ (red) |
| Министерство за образование и наука | www.mon.gov.mk | ★ (red) |
| Министерство за надворешни работи | www.mfa.gov.mk | ★ (red) |
| Министерство за внатрешни работи | www.mvr.gov.mk | ★ (red) |
| Министерство за култура | www.kultura.gov.mk | ★ (red) |
| Министерство за финансии | www.finance.gov.mk | ★ (yellow) |
| Министерство за здравство | www.moh.gov.mk | ★ (red) |
| Фонд за здравствено осигурување | www.fzo.org.mk | ★ (yellow) |
| Институт за јавно здравје | www.iph.mk | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје, Скопје | www.cph.mk | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје, Кочани | www.cjzkocani.org.mk | ★ (red) |
| Здравствен дом, Скопје | www.zds.com.mk | ★ (red) |
| Општина Кочани | www.kocani.gov.mk | ★ (red) |
| Општина Пехчево | www.pehcevo.gov.mk | ★ (red) |
| Општина Делчево | www.delcevo.gov.mk | ★ (red) |
| Општина Виница | www.opstinavinica.gov.mk | ★ (red) |
| Општина Шуто Оризари | www.sutoorizari.gov.mk | ★ (red) |

## Оценка на степенот на проактивна транспарентност на институциите според објавените документи

| Јавни институции | Стратешки план | Годишна програма за работа | Буџетски календар | Предбуџетска изјава | Граѓански буџет | Предлог- буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Влада на РМ | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за труд и социјална политика | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за образование и наука | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за надворешни работи | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за внатрешни работи | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за култура | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за финансии | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за здравство | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Фонд за здравствено осигурување | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Институт за јавно здравје | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Центар за јавно здравје, Скопје | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Центар за јавно здравје, Кочани | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Здравствен дом, Скопје | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Општина Кочани | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Општина Пехчево | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Општина Делчево | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Општина Виница | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Општина Шуто Оризари | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |

| Јавни институции | Усвоен буџет | Предлог измени и дополнувања на буџетот | Усвоени измени и дополнувања на буџетот | Буџетски документи во отворен формат (xml или excel) | Месечни извештаи за извршување на буџетот |
|---|---|---|---|---|---|
| Влада на РМ | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за труд и социјална политика | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за образование и наука | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за надворешни работи | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за внатрешни работи | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за култура | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за финансии | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за здравство | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Фонд за здравствено осигурување | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) |
| Институт за јавно здравје | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Центар за јавно здравје, Скопје | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Центар за јавно здравје, Кочани | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Здравствен дом, Скопје | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Општина Кочани | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Општина Пехчево | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Општина Делчево | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Општина Виница | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Општина Шуто Оризари | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |

| Јавни институции | Полугодишен извештај за извршување на буџетот | Завршна сметка | Ревизорски извештај | Лице назначено за посредување со информации од јавен карактер | Листа на информации од јавен карактер |
|---|---|---|---|---|---|
| Влада на РМ | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за труд и социјална политика | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) |
| Министерство за образование и наука | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за надворешни работи | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за внатрешни работи | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) |
| Министерство за култура | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за финансии | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) |
| Министерство за здравство | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Фонд за здравствено осигурување | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) |
| Институт за јавно здравје | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Центар за јавно здравје, Скопје | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Центар за јавно здравје, Кочани | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Здравствен дом, Скопје | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Општина Кочани | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Општина Пехчево | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Општина Делчево | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) | ★ (зелена) |
| Општина Виница | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Општина Шуто Оризари | ★ (црвена) | ★ (зелена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) | ★ (црвена) |

Финансиски поддржано од:
FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

## Корисност од проактивната транспарентност на јавните институции

Во Кодексот на добри практики за фискална транспарентност на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) на земјите членки, меѓу кои е и Република Македонија, се препорачува следното: „на јавноста треба да ѝ бидат достапни детални и разбирливи информации што се однесуваат на минатите, сегашните и идните фискални активности, како и за најголемите фискални ризици“. Во иста насока се и препораките и принципите за буџетско работење на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), во кои се вели дека „буџетските документи и податоци треба да се отворени, транспарентни и достапни. Односно, разбирливи и реални буџетски документи треба да ѝ бидат достапни на пошироката јавност како основа за запознавање со клучните фази од процесот на подготовка, разгледување, расправа, спроведување и следење на клучните јавни политики“. Согласно со општоприфатените меѓународни стандарди за фискална транспарентност, владите треба на јавноста да ѝ овозможат пристап до следните документи: стратешки план за работа, годишни програми за работа во кои е преточен стратешкиот план, буџетски календар со јасно поставени периоди за спроведување на секоја од буџетските фази и активности, предбуџетска изјава за тоа како фискалната политика ќе се одрази врз општата економска состојба и на кој начин ќе се развиваат буџетските приоритети во наредните години, граѓански буџет, предлог-буџет и усвоен буџет, месечни извештаи за извршување на буџетот, полугодишен извештај за извршување на буџетот, завршна сметка на буџетот, предлог и усвоени измени и дополнувања на буџетот, ревизорски извештај итн.

Меѓу другото, сите меѓународни стандарди што се однесуваат на фискалната транспарентност и транспарентноста воопшто имаат една заедничка цел, а тоа е да ги намалат коруптивните активности на власта, да ги отворат вратите на јавните институции за јавноста и да ја пренесат моќта на одлучување врз граѓаните. Според нив, владите треба самостојно да ги објавуваат сите расположливи информации и документи што се однесуваат на нивното програмско и буџетско работење, а пак секој од објавените документи и информации да содржи реални, отворени и што е можно подетални податоци.

## Оценка за степенот на проактивност на јавните институции во РМ

Во овој документ ги презентираме резултатите од спроведениот мониторинг на содржината на официјалните интернет-страници на осумнаесет јавни институции од РМ (Министерство за образование и наука; Министерство за култура; Министерство за надворешни работи; Министерство за внатрешни работи; Министерство за финансии; Министерство за труд и социјална политика; Министерство за здравство; Фонд за здравствено осигурување; Институт за јавно здравје; Здравствен дом, Скопје; Центрите за јавно здравје, Скопје и Кочани; Влада на РМ; општините Делчево, Шуто Оризари, Виница, Пехчево и Кочани).

Мониторингот на содржината на официјалните интернет-страници на осумнаесетте јавни институции е спроведен во периодот од 1 јануари до 31 декември 2014 година.

Преку континуираниот мониторинг имавме за цел да го оцениме степенот на проактивна транспарентност на опфатените јавни институции.

Преку спроведување на постапката за мониторинг во 2014 година, го следевме објавувањето/необјавувањето на шеснаесет клучни документи и информации што се однесуваат на работењето на опфатените институции и тоа: стратегија за работа; годишна програма за работа; буџетски календар; предбуџетска изјава; граѓански буџет; предлог буџет и усвоен буџет; предлог и усвоени измени и дополнувања на буџетот; буџетски документи во отворен формат (xml или excel); месечни извештаи за извршување на буџетот; полугодишен извештај за извршување на буџетот; завршна сметка на буџетот; ревизорски извештај; податоци за лицето назначено за посредување со информации од јавен карактер и листа на информации од јавен карактер.

Со оваа анализа не го оценуваме квалитетот и времето на објавување на селектираните документи и информации, туку го прикажуваме нивото на проактивност на институциите кога станува збор за објавување на документите и информациите што се однесуваат на нивното програмско и финансиско работење.

Оваа анализа на проактивната транспарентност на јавните институции е втора од низата анализи што ЕСЕ ги подготвува секоја година.

Степенот на проактивна транспарентност на опфатените јавни институции е утврден преку бодување на објавувањето/необјавувањето на секој од шеснаесетте мониторирани документи на официјалните интернет-страници на мониторираните институции. Објавувањето на документите беше бодувано со еден поен, а пак необјавувањето со нула поени. Оценката за секоја одделна институција е добиена врз основа на процентот на објавени од вкупниот број на мониторирани документи.

Оптималниот резултат што може да го постигне секоја од институциите е 16 поени или 100%.